РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење во однос на тоа дали постои законска пречка, односно состојба на кумулација на функции, доколку едно лице истовремено е член на Совет на општина и член на Управен одбор на ЈЗУ Клиничка Болница.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019), го издава следното

**М И С Л Е Њ Е**

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите во членот 44 став 4 се дефинира забраната за вршење на други дејности, и тоа:

(4) **Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на** одговорно лице или **член на орган на управување** или надзорен орган во јавно претпријатие, **јавна установа** или друго правно лице кое располага со државен капитал.

Оттука произлегува дека, едно лице **не може** истовремено да ги извршува функциите член на Совет на општина и член на Управен одбор на ЈЗУ Клиничка Болница, затоа што управниот одбор во ЈЗУ има статус на орган на управување со ЈЗУ.

За таа цел, а во насока на отстранување на сторените повреди на член 44 став 4 од Законот, потребно е да се откажете од една од двете функции кои ги вршите.

За повеќе информации, ДКСК упатува на соопштението објавено на следниот линк: https://dksk.mk/соопштение-7/.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk